РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-4487/4
04-08-2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител на 50-тата седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-4487/1 доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познати подносители – /// од Скопје и /// од Скопје на 27.09.2019 година, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4487/1 од 27.09.2019 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека во предметната пријава не се посочени наводи по кои има надлежност да постапува согласно одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, од причина што истата пријава со прилог докази се доставени за надлежно постапување до ресорно министерство.

Предметот со број 12-4487/1 од 27.09.2019 година во ДКСК да се затвори и да се архивира.

До подносителите на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-4487/1 од 27.09.2019 година е оформен врз основа на пријава со број 12-4487/1, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познати подносители – /// од Скопје и /// од Скопје.

Во пријавата се изнесени наводи за повреда на законските права на подносителите на пријавата при изготвување на Предлогот за ДУП /// за КО ///. Според наводите од пријавата, подносителите во 2016 година поднеле барање за откуп на земјиште кое од 1957 година е во нивно владение и во владение на нивните претходници. Кога ДУП /// бил изложен на јавен увид во 2017 година, подносителите увиделе дека дел од парцелата со површина од 40-50м², на кој се наоѓа нивната шахта за вода, е впишан како дел од парцела на нивниот сосед.

Подносителите се обратиле со приговор до Општина ///, по што во 2018 година им бил приложен доказ дека спорниот дел повторно е вратен во првобитна состојба, како дел од нивната парцела. Сепак, подносителите побарале увид и од Министерството за транспорт и врски, по што увиделе дека спорната површина им е одземена и е наменета за јавна површина. По приговор до Општина /// од 2019 година биле известени дека планот е испратен до Министерството за транспорт и врски за добивање согласност поради што во моментот не биле можни интервенции во планското решение. По приговор до Министерството за транспорт и врски во истиот период, Министерството до Општина /// испратило допис со кој ја информирало

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3215 377
https://www.dksk.mk

општината за нејзината надлежност во однос на постапките поврзани со урбанистичките планови, јавните анкети и презентации и одлучувањето по анкетните листови.

Подносителите на пријавата наведуваат дека издвојувањето на спорната површина заради пренамена во јавен простор е нецелисходно и нелогично, и укажуваат дека се обратиле до повеќе надлежни институции со барање да не се врши промена на постојниот ДУП поради опишаните околности.

При разгледување на предметниот случај ДКСК ги зеде предвид предметните наводи и изврши увид во документацијата доставена во прилог на пријавата, којашто содржи: копија од анкетен лист од јавна анкета по нацрт-детален урбанистички план, копии од барања на информации и одговори до/од Општина /// и Министерство за транспорт и врски, како и копии од приговори упатени до двете институции.

Со оглед на тоа што деталите од пријавата и од приложената документација не упатуваат на наводи по кои Државната комисија за спречување на корупцијата има надлежност да постапува согласно одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработено од: А.Р.М.
Одобрено од: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**